- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територијата на нашата држава, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други

споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарската општина Мало Рувци која е предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. *Археолошки локалитет "Црква", Мало Рувци, антички период;*
2. *Црква Св. Спас, Мало Рувци, 1892 год.*

Во Археолошката карта на Република Македонија[1], која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, евидентирани се следните локалитети:

– КО Мало Рувци: Друм, осамен наод од римско време; Црква, осамен наод од римско време.

Според Просторниот план на Република Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на документацијата од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот *локалитет со културно наследство* и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

– задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
– планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
– измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и

[1] МАНУ Скопје, 1996г.

желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на РС. Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во РС. Македонија се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Пелагониски туристички регион со 9 туристички зони и 25 туристички локалитети.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, **предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Мало Рувци, Општина Прилеп, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и индиректно загрозени простори од воени дејства.**

Простори со висок степен на загрозеност од воени дејства се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

Индиректно загрозени простори од воени дејства се ридско- планински и субпланински простори, кои се наоѓаат во непосредна близина на просторите со висок степен на загрозеност (самите не се директно изложени на борбени дејства) или во близина на просторите за формирање слободна територија, поради што се погодни за принуден и повремен престој на борбените единици, евакуираното население и др.

Согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки,** а се применуваат во

процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата со подзаконски акт.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Државата, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **VII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Прилеп.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на

пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

При појава на природни стихии, како што се **поплавите**, секое организирано општество превзема активни и пасивни мерки за организирана одбрана.

Појавата на **поплави** првенствено е поврзана со природните езера и хидрографската мрежа, но најчестиот вид на поплави и најголемата опасност од нив, сепак, доаѓа од поројните водотеци. Согласно со ова за донесување на брзи, исправни и ефикасни одлуки неопходно е да се располага со:

- однапред разработен план;
- сигурни информации за состојбата во загрозеното подрачје;
- сигурни прогностички информации за очекуваните сосотојби;

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;

- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот МАРС на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на

влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а исто така се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија:

- Изградбата на планираните објекти во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. Изградбата на површински соларни и

фотоволтаични електрани ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

- Со усвојување на предметната документација ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок. Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација се проценуваат како малку значајни, имајќи го во предвид фактот дека изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава. Мерки за заштита од влијанија врз животната средина се наведени во секторските области: заштита на животната средина и водни ресурси и водостопанска инфраструктура.
- Поради потребата од зголемена површина на земјиште за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Предметниот опфат нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Во експлоатациониот период не се очекува значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните содржини со намена фотоволтаични електрани не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето.
- Просторот кој е предмет за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, истото е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на предметната документација потребно е да се утврди дали на истата има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- Со имплементацијата на предметната документација не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата

на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.

– Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Мало Рувци, Општина Прилеп, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- **мрежата на инфраструктура;**
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети **за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, на КП 216/3, КП 217-дел и КП 218/5, КО Мало Рувци, Општина Прилеп. Површината на предметниот опфат изнесува 2,48 ha, и делумно зафаќа земјоделско земјиште: ниви (IV класа). Предвидените електрани се со вкупната моќност до 1 MW.**

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија.**

При изработката на предметната документација, треба да се имаат предвид следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:

Економски основи на просторниот развој

- **Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.**
- **Реализацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, со вкупна моќност до 1 MW, КО Мало Рувци, Општина Прилеп на површина од 2,48 ha, ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).**

Заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Државата е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Пелагонискиот реон кој има 10 микрореони.**
- При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. **Планскиот опфат делумно зафаќа земјоделско земјиште: ниви (IV класа).**

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Изградбата на површинските соларни и фотоволтаични електрани со кои ќе се користи сончевата енергија како обновлив ресурс за производство на електрична енергија, како и искористувањето на хидроенергетскиот потенцијал со кој располага водостопанското подрачје „Пелагонија“ ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на потрошувачите во согласност со принципите на еколошко искористување на ресурсите.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- **Локацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Мало Рувци, Општина Прилеп** нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.
- Градбата на **фотоволтаични електрани** ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

Урбанизација и систем на населби

- **Иницијативата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Мало Рувци, Општина Прилеп, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.**

Домување

- **Иницијативата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Мало Рувци, Општина Прилеп, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.**

Јавни функции

- **Локацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Мало Рувци, Општина Прилеп, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

Индустрија

- **Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во**

поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.

- **Изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани, со моќност до 1 MW, КО Мало Рувци, Општина Прилеп на површина од 2,48 ha ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република Македонија за одржлив развој.**

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:
- **А3** - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаниште).
- Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на **регионални патишта "Р1"** и е со ознака:
- **Р1101 (Р-106)** - (Прилеп-врска со А1,А3 – Битола – Макази - Царев двор - врска со Р1307).
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Локацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Мало Рувци, Општина Прилеп** нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Мало Рувци, Општина Прилеп, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.
- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот на кој е предвиден изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Мало Рувци, Општина Прилеп, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработката на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство на подрачјето на катастарската општина Мало Рувци, има евидентиран недвижен споменик на културата и археолошки локалитет.
- При изработка на документацијата од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16,

11/18,20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Развој на туризмот

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, **припаѓа на Пелагониски туристички регион во кој се утврдени 9 туристички зони со 25 туристички локалитети.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Мало Рувци, Општина Прилеп, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и индиректно загрозени простори од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Мало Рувци, Општина Прилеп, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование
- Средно
- Вишо
- Високо

Здравствена заштита
- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

Оски на развој
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Извориште
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА - ПРИЛЕП

БРОЈ: 10-741/2 од 23.03.2021 год.
(архивски број) (датум)
Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: _____
(број на извод)

ПЛАН: АУП за препарцелација односно формирање на нови граде жни парцели ГП 1, ГП 2, ГП 3, ГП 4 и ГП 5 од постојна ГП 1.1 за стопански комплекс во КО Беровци оп штина Прилеп

УП за село: _____

УП вон нас. место: _____

Одлука бр.: потврда бр.10/765-9 од 14.11.2019 год

Намена на градба: ГП 1 и ГП 2 намна Г2-лесна и незагадувача инд
ГП 3 намена Е2-комунална супраструктура
ГП 4 намена Б2-големи трговски единици
ГП 5 намена Б1-мали комерцијални и деловни објекти

Ул. _____ бр. _____

К.О. Беровци (катастарска општина) К.П. 10648/8 и др. (бр. на кат. парцела)

ДЛ: _____ (број на детален лист) М 1: 1 000 (размер)

ИЗВОДОТ ЗА ГП 1, ГП 2, ГП 3, ГП 4 и ГП 5
(една или повеќе градежни парцели/ катастарска парцела во катастарска општина/ блок/ четврт/ урбана единица/ цел плански опфат)

СОДРЖИ:

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

* Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со:

- легенда има
- табела со нумерички показатели има

* По потреба и заверена копија од други прилози со легенда _____

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

* Заверена копија од: општите и посебните услови за градење, параметри за споредување на планот, мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.

* По потреба и заверена копија од други услови;

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ

изготвил: Петре Најдоски
Раководител на Одделение за урбанизам и заштита на животната средина

контролирал: Марика Јовческа

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ОД ОПШТИНАТА

М.П.

Раководител на Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина
Васе Никоска

РЕМЕРУВАЊЕ

1 : 1000

инци и КО Мало Рувци

ГРАФИЧКИ ДЕЛ



ТОЧКИ НА СООБРАКАЈНИЦИ СО КООРДИНАТИ

р.бр	ВКРСНИ ТОЧКИ-АПСОЛУТНИ КОТИ	КООРДИНАТИ	
		x	y
1	636.93	7 542 373.94	4 571 752.41
2	636.67	7 542 409.18	4 571 797.17
3	637.07	7 542 445.73	4 571 844.84
4	637.09	7 542 501.68	4 571 913.57
5	636.78	7 542 546.75	4 571 967.88
6	637.58	7 542 663.00	4 571 863.23
7	637.78	7 542 620.00	4 571 814.23

0.17.1-АУП_КРИН_КГ
Подтврда бр. 10-765/9 од 14.11.2019 година

Подготвена бр. 10-7639/3 од 14.11.2019 година



ЛЕГЕНДА: M = 1: 1000

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА ПО ЛУПД
- ЗОНА НА ЗАШТИТА
  - ГП1 и ГП2 - ЛЕСНА НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА - Г2
  - ГП 3 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА - Е 2
  - ЗОНА НА ЗАШТИТА
  - ГП 4 - ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ - Б 2
  - ЗОНА НА ЗАШТИТА
  - ГП 5 - МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ - Б 1
- П+1 СПРАТНОСТ
- Hmax=10.0m МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ХОРИЗОНТАЛЕН ВЕНЕЦ
- ГП 1, ГП 2 БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ВЛЕЗ ВО ПАРЦЕЛА
- КОТА НА НУЛТА ПЛОЧА
- 111.82m / 111.58m ПАД НА УЛИЦИ
- 662.54 ПРЕКРШНИ ТОЧКИ
- ОСОБИНА НА СООБРАЌАЈНИЦА
- КОЛОВОЗ - АСФАЛТ
- СЛОБОДНИ ПОВРШИНИ
- ЗЕЛЕНИЛО
- ВИСОКО И СРЕДНО ЗЕЛЕНИЛО
- БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕМИН
- ПРИФАЌО ОПАСНО ОПАСНОСТ, СТРАНИ ОПАСНИ ЗАКОНИТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ОПТИЧКИ ОБЈЕКТИ

ЛЕГЕНДА ИНФРАСТРУКТУРА:

- ВОДОВОДНА МРЕЖА (планирано)
- КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА - ФЕКАЛНА (планирана)
- КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА - АТМОСФЕРСКА (планирана)
- ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА (планирана)
- ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА - (постојна)
- ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНА МРЕЖА - (постојна)
- ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНА МРЕЖА - (планирана)
- П.А. ПРОТИВПОЖАРНИ НАДЗЕМНИ ХИДРАНТ
- ШАХТА ЗА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ШАХТА ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ШАХТА ЗА ВОДОВОДНИ ИНСТАЛАЦИЈА
- ФАСТОНИ И ПОМАЛИ ФИ БАНАР
- РЕЗЕРВОАРИ ЗА ВОДА
- КОМБИНИРАНА ВОДЕНЕРОПСКА СЕПТИЧКА ЈАМА (ЗА ПОВЕЌЕ ОД 10 ЛИЦА)
- СЕПТИЧКА ЈАМА
- БАЗЕНИ - ТАЛОЖНИЦИ ЗА ПРЕЧИСТУВАЊЕ ОДОЈНА ВОДА
- КАНАВКА - ОТВОРЕН КАНАЛ КОН Р. ШТАВИЧКА
- Столб на далековод со висок напон - бетонски со два системи
- Столб на далековод со висок напон - бетонски
- Столб на далековод со висок напон - дрвен

нумерички податоци за планирана состојба

1	површина на проектен опфат	**145 213.79**	**м²**	**100.00%**
2	површина на гп по ЛУПД	144 827.47	м²	
3	површина на гп 1	68 986.16	м²	
4	површина на гп 2	22 907.05	м²	
5	површина на гп 3	44.75	м²	
6	површина на гп 4	38 117.39	м²	
7	површина на гп 5	8 470.69	м²	
8	вкупна површина на гп по АУП	**138 526.04**	**м²**	**95.40%**
9	комунална инфраструктура Е1	**6 687.75**	**м²**	**4.60%**
10	процент на озеленетост	**35 585.67**	**%**	**23.52%**
11	бруто површина за градба под објект	25 905.36	м²	
12	бруто развиена површина за градба по катови	37 500.79	м²	
13	процент на изграденост - Пи	18.70%		
14	кофициент на искористеност - Ки	0.27		

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

бр.	име	нумерички податоци за ГП по ЛУПД		нумерички податоци за ГП по АУП	
1	површина на проектен опфат	176 500,00	м²	145 213,79	м²
2	површина на ГП	144 827,47	м²	138 526,04	м²
3	утврден пр. за гр/површина за градба	124 111,52	м²	25 905,36	м²
4	бруто развиена површина за градба по катови	80 672,48	м²	37 500,79	м²
5	процент на изграденост - Пи	55,00%		18,70%	
6	кофициент на искористеност - Ки	0,60		0,27	
7	број на градежни парцели	1		5	

НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ НА ВКРСНИ ТОЧКИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ СО КООРДИНАТИ

р.бр.	вкрсни точки, апсолутни коти	координати X	координати Y
1	636.93	7 542 373.94	4 571 752.41
2	636.67	7 542 409.18	4 571 797.17
3	637.07	7 542 445.73	4 571 844.84
4	637.09	7 542 501.88	4 571 913.57
5	636.78	7 542 546.75	4 571 967.88
6	637.58	7 542 663.00	4 571 863.23
7	637.78	7 542 620.00	4 571 814.23

ПРЕГЛЕД НА ПОВРШИНИ И НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

ред.бр.на ГП по ЛУПД	ГП 1.1 по ЛУПД: површина	основна класа на намена по ЛУПД	комплетибилни класи на намена на основна класа на намена по ЛУПД	ред.бр.на ГП по АУП	ГП во АУП: површина м²	класа на намена		површина за градба м²	вкупно изграде. површина м²	max. височина на градба до завр - шен венец Hн м¹	спратност на објекти	процент на изграде. %	коеф. на искорис.	потреб. број на паркир. места	процент на озеленетост
Г.П 1.1	144 827.47	Г2	*Б1, Б2, Б4, В2, Д2,Д3 и Г4' мин. до 49% од основната класа на намена				объект 1.	2 146.51	2 146.51	18.0	П	3.11%	0.03		
							объект 2.	4 857.30	4 857.30	18.0	П	7.04%	0.07		
							объект 3.	5 666.12	5 666.12	18.0	П	8.21%	0.08		
							объект 4.	97.50	97.50	18.0	П	0.14%	0.001		
							объект 5.	40.00	40.00	18.0	П	0.06%	0.0005		
				Г.П 1	68 986.16	*Г2"лесна ин.		12 807.43	12 807.43			18.56%	0.18	Во ГП 1 е вклучен и ГП 2 со 20% од градба со намена за управа	20.46%
							объект 1.	375.00	375.00	4.5	П	1.64%	0.016		
							объект 2.	375.00	375.00	4.5	П	1.64%	0.016		
							объект 3.	375.00	375.00	4.5	П	1.64%	0.016		
				Г.П 2	22 907.05	*Г2"лесна ин.		1 125.00	1 125.00			4.92%	0.048	Во ГП 1 е вклучен и ГП 2 со 20% од градба со намена за управа	28.48%
				Г.П 3	44.75	*Е2"комунал. супраструкту.		17.50	17.50	3.0	П	39.10%	0.39	/	/
				Г.П 4	38 117.39	*Б2"големи трговски един.		11 595.43	23 190.86	12.0	П+1	30.42%	0.60	332	23.36%
				Г.П 5	8 470.69	*Б1"мали ком. и дел. намени		360.00	360.00	4.5	П	4.25%	0.054	13	35.99%
вкупно:	144 827.47				138 526.04			25 905.36	37 500.79			18.70%	0.27		23.52%

ИНДУСТРИСКА УЛИЦА



ТЕХНИЧКИ ОПИС ЗА АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

Инвеститор е ДОО“Крин КГ“ - Прилеп ул. “Орде Тодороски Шемко“ бр. 43 во Прилеп

Локација: Градежната парцела 1.1 согласно Изводот од ЛУПД за која треба да се изработи АУП се наоѓа на к.п. бр. 1064/9, 1066/1, 1066/3, 1064/12, 1064/8, 1064/1, 1066/2, 1063/2, 1061/15, 1061/14, 1063/1 и 1066/5 ко Беровци.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ (за изработка на архитектонско урбанистички проект)

Согласно добиениот Извод од ЛУПД заведен под бр. 10-1875/2 од 31.10.2018 та година, одобрен со решение бр.03-1855/3 од 24 07 2013год, кој се однесува за ГП 1.1, како и во согласнот со Законот за просторно и урбанистичко планирање Сл. В. На РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/2016 и 64/18 год, член 51, а по барање на инвеститорот отпочната е постапка за изработка на Урбанистичко-проектна документација – АУП за препарцелација односно формирање на нови градежни парцели за стопански комплекси.

Градежната парцела 1.1 согласно Изводот од ЛУПД за која треба да се изработи АУП се наоѓа на к.п. бр. 1064/9, 1066/1, 1066/3, 1064/12, 1064/8, 1064/1, 1066/2, 1063/2, 1061/15, 1061/14, 1063/1 и 1066/5 ко Беровци.

Градежната парцела 1.1 согласно Изводот од ЛУПД е со површина од 144 827,47м^2, а додека согласно ажурираната подлога површината на опфатот кој се движи по границите на градежната парцела изнесува 145 213,79м^2.

Градежната парцела ГП 1.1, предмет на овој Архитектонско урбанистички проект, се наоѓа покрај магистралниот пат А3 (Битола - Прилеп), КО Беровци од југоисточната страна на патот. Границите на проектниот опфат од сите страни се движат по катастарските граници на соседните парцели.

Парцелата е на просечна надморска висина од 637м. Теренот е во многу благ пад од околу 0.04% во правец од југо запад кон северо исток.

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАД. ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Во границите на проектниот опфат веќе има изграден градежен фонд и физичка супраструктура.

Во северниот дел од парцелата има постојни градби кои се во функција на стопанскиот комплекс за преработка на мермер и гранит и тоа има два постојни погони како и управна зграда со висина од П+2 и за овие објекти има изведено пристапи до сите објекти како и манипулативен простор и паркинг простори за потребите на истите.

- **Инфраструктура**

Во поглед на комуналната инфраструктура согласно теренските анализи, согласно Изводот од план и добиените податоци се констатирана следната состојба:

- електрика

Во рамките на опфатот согласно добиените податоци од ЕВН заведени под бр. 14-1809/2 од 13 12 2018год. има евидентирано постојна електрична мрежна инсталација односно поминува среднонапонски кабелски вод, среднонапонски надземен вод, и има трансформаторска станица и истите се прикажани во графичките прилози.

- водовод

Во рамките на опфатот согласно добиените податоци од ЈКП “Водовод и канализации“ заведени под бр. 03-12/238-1 од 13 12 2018год. нема подземни инсталации во нивна надлежност

- електронска комуникациска инфраструктура и опрема – во непосредна близина во рамките на опфатот согласно добиените податоци од Македонски телеком заведени од бр. 04-869479/1 од 20 12 2018 год. има постојни тк инсталации.

- согласно добиеното известување од АД Водостопанство заведено под бр. 10-4752/2/2018 од 10 01 2019 нема свои објекти и своја инфраструктура.

- **Културно наследство**

Со добиените податоци од Министерството за култура – Управа за заштита на културно наследство заведени под бр. 17-3900/2 од 19 12 2018год., потврдено е дека на подрачјето на опфатот нема заштитни добра ниту добра за кои основано се предпоставува дека представуваат културно наследство.

3. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА ГРАДБИ СО ПРАВЕН СТАТУС СТЕКНАТ ПО ОСНОВ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

Според податоците добиени од општина Прилеп заведени под бр. 18823 од 10 12 2018год. во предметните парцели има бесправно изградени градби односно има два легализирани објекти заведени во имотен лист бр.912 на Кп 1064/9,

4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ

Со изработката на АУП потребно е да се изврши препарцелизација односно да се формираат 5 (пет) нови градежни парцели, во кои ќе се предвидат површини за градба согласно намената.

Исто така потребно е да се решат сите инфраструктурни системи односно да се обезбедат приклучоци кон електрична, водоводна, канализациона и атмосверска и телекомуникациска инсталација, во согласност со постојната законска регулатива.

Пристапот во градежните парцели е предвиден од новопредвидена Индустриската улица која се протега од југозапад кон југо исто и кон југ низ проектниот опфат.

Во рамките на градежните парцели да се предвидат:

-максимална површина, висина и спратност на една или повеќе градби, потребен број паркирни места како и да се решат сите инфраструктурни системи, во согласност со постојната законска регулатива.

При разработката треба да се почитува постојната мрежа на инфраструктирните системи кои постојат.

Урбанистичко проектна документација треба да се изработи согласно:

- Закон за просторно и урбанистичко планирање Сл. в. на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18 год,
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл. в. на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18 год.
- Правилник за поблиска содржина и начин на графичка обработка на урбанистички планови Сл. в. на РМ бр. 142/15 год.

5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

- **парцелација и регулација на новите ГП 1, ГП 2, ГП 3, ГП 4 и ГП 5 формирани со препарцелација на ГП 1.1**

Самата препарцелација на новите градежни парцели кои се формираат од постоната ГП 1.1 произлегуваат од потребите на инвеститорот искажани во проектната програма, а во согласност со член 51 став 3 алинеја 1 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање.

Пристапите до сите градежни парцели се обезбедени од новопредвидената индустриска улица.

Новата ГП 1 се наоѓа во северниот дел од постојната гп 1.1, потоа ГП 2 и ГП 3 се предвидени на југоисточниот од постојната ГП 1.1 а додека ГП 4 е предвидена во јужниот дел и ГП 5 се предвидува во југозападниот дел од постојната парцела 1.1.

- **намена на земјиштето**

Земјиштето кое е предмет на анализа предвидено е за група на класа на намена “Г“ производство, дистрибуција и сервиси односно “Г2“ - лесна и незагадувачка индустрија во согласност со Изодот од ЛУПД. Во истата може да се сместат компатибилните класи на намени како што се: “Б1“, “Б2“, “Б4“, “В2“, “Д2“, “Д3“, “Д4“, “Г3“ и “Г4“ .

- **Градежната парцела ГП1**

е предвидена со намена “Г“ производство, дистрибуција и сервиси односно “Г2“ - лесна и незагадувачка индустрија. Во истата може да се сместат компатибилните класи на намени како што се: “Б1“, “Б2“, “Б4“, “В2“, “Д2“, “Д3“, “Д4“, “Г3“ и “Г4“ .

Со Архитектонско урбанистичкиот проект предвидено е да се задржат постоечките објекти и да се предвидат нови содржини, во сооднос со големината на градежната парцела и законските прописи:

- Погон за преработка и финализација на украсен камен (објект 1, 2 и 3)
- Пречистителна станица
- Работен простор

Местоположбата на новиот погон е во југоисточниот дел од парцелата, со катност од П и висина до венец од 18м.

Наспроти постоечката управната зграда, на југоисточниот дел од парцелата исто така е предвиден нов погон за преработка и финализација на украсен камен со катност П и висина до венец од 18м.

На источната страна од постојниот погон да се предвиди пречистителната станица, со висина до венец од 18м.

Исто така да се предвиди помал работен простор како лепенка до постојниот стар погон со висина до 18 м.

Во градежната парцела се задржуваат постојните објекти:

- Управна зграда
- Погон за преработка и финализација на украсен камен и базна хала, со можност за нивна реконстукција и препокривање за зголемена висина согласно условите од ЛУПД.

- Стар погон за преработка и финализација на украсен камен и базна хала, со можност за нивна реконстукција и препокривање за зголемена висина согласно условите од ЛУПД.
- Санитерии и гардероби
- Трафостаница.

Во согласност со ваквата намена изнајдено е оптимално решение за организацијата на парцелата со можност за уредување на максимални површини за градба во рамките на градежната парцела, како и утврдување на максимални висини и спратност на градбата согласно правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

- Градежната парцела ГП2

се наоѓа во јужниот дел од проектниот опфат и таа исто така е предвидена со намена "Г2" лесна и незагадувачка индустрија односно нејзината намена е предвидена за стопански комплекс за дробење на камен, така што во неа се предвидени следните содржини:

Површини за градба на повеќе објекти со катност П и висина до 4,5м, како и простор за машина за дробење, простор за сепарирани фракции, простор за санитарна и пожарна вода со пумпна станица, септичка јама, базени - таложници и сите други пропратни содржини за нормално функционирање како што се пристап од новопланираната индустриска улица, плато за манипулација како и паркинг простор за потребите на комплексот.

- Градежната парцела ГП3

Оваа новопредвидена градежна парцела е предвидена со намена "Е" инфраструктура односно "Е2" комунална супраструктура - трафостаница до 20кв. Во градежна парцела ГП3 е предвидена површина за градба согласно намената со спратност П.

- Градежната парцела ГП4

со изработката на АУП - то предвидено е намената на оваа градежна парцела да биде "Б" комерцијални и деловни намени односно "Б2" големи трговски единици. Во согласност со Изводот од ЛУПД на постојната ГП 1.1 може да се предвиди намена Б – комерцијални и деловни намени односно "Б2" големи трговски единици до 30% од вкупната површина на ГП 1.1, така што на новопредвидената ГП4 намената со изработката на АУП – то и е предвидена "Б2".

Во согласност со намената предвидена е површина за градба со катност П+1 и висина до 12м. Исто така предвидени се пречистителни станици (водонепропусни септички јами), резервоари за вода, обезбедени се потребен број на паркинг места како и сообраќајници за непречен пристап во и околу комплексот.

Пристапот и до ГП 4 е предвиден од новопланираната индустриска улица од југозападната страна на градежната парцела ГП4.

- За градежната парцела ГП 5 која се добива со препарцелацијата исто така во согласност со Изводот од ЛУПД предвидена е намена "Б" - односно "Б1" мали комерцијални и деловни намени максимум до 30% од основната намена. Просторот во оваа ГП е предвиден за расадник заради својата форма односно парцелата има издолжена а тесна форма. Наменета е за расадник (рассадување на зимзелени и др. украсни садници).

Предвидена е површина за градба во југозападниот дел од парцелата со катност П и висина 4,2м, како и сите пропратни содржини и тоа пристап од новопредвидената

индустриска улица, паркинг и маниполативен простор како и септичка јама и простор за санитарна и пожарна вода потребни за ваков вид на градба.

Вкупниот процент на застапеност на Б1 и Б2 несмее да биде повеќе од 49% од основната намена на ГП 1.1 согласно изводот од ЛУПД, така што со изработката на АУП – то површината на ГП4 и ГП 5 заедно да не го надминува дозволениот процент.

За сите новоформирани градежни парцели, предмет на овој Архитектонско урбанистички проект, предвидена е квалитетна инфраструктура.

Пешачките патеки, водовите за снабдување со електрична енергија, вода, треба да пристигнат до секоја градба. Исто така предвидена е канализациона инфраструктура за прифаќање на атмосферските, технолошките и фекалните отпадни води. Сите водови предвидено е да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори.

- **висински план**

Со дефинирањето на максималната височина на градбите во градежните парцели се дефинира максималната височина на градбата мерена од пристапниот тротоар, па се до хоризонталниот венец на градбата изразена во метри. Бидејќи теренот е во благ пад дефинирањето на максималната височина или апсолутната кота на нултата плоча на градбата ќе биди од пристапниот тротоар од предната страна на истата. Така за планираните градби во ГП 1 објектите 1, 2, 3 , 4 и 5 се предвидени со спратност П односно со висина од 18.0м во согласност со намената и со изводот од ЛУПД.

Во ГП 2 спратноста на предвидените објекти 1,2 и 3 е П односно висина од 4,5м исто така во согласност со намената односно оваа гп предвидена е како комплекс за дробење на камен.

Во ГП 3 предвиден е објект за сместување на трафостаница со спратност П односно висина од 3,0м.

Намената на ГП 4 е Б2 големи трговски единици и во согласност со намената предвидениот објект е со спратност од П+1 односно со висина од 12.0м., а додека во ГП 5 намената е мали комерцијални и деловни намени односно Б1, предвиден е еден објект со спратност П и висина од 4,5м.

За вака дефинираната максимална височина на градбите во градежните парцели бројот на спратови и вкупната изградена површина го дефинира коефициентот на искористеност на земјиштето.

- **Внатрешен динамичен сообраќај**

Сообраќајната инфраструктура представува значаен фактор во еден планиран простор и е од витално значење за остварување на животот во истиот, така што до планскиот опфат, односно за новоформираните градежни парцели главен носител на севкупниот сообраќај е новопредвидената индустриска улица.

Во самите градежни парцели одвивањето на интерниот моторен сообраќај е предвиден со внатрешните интерни сообраќајници.

- **Стациониран сообраќај паркирање**

Паркирањето или гаражирањето е еден од основните предуслови за планирање на градбите во градежните парцели и истото е потребно да се реализира во состав на самите градежни парцели. Паркирањето кое е предвидено во склоп на самите ГП е дефинирано согласно на член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Во ГП 1 и ГП 2 потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуват од нејзината намена.

Во ГП 3 согласно намената не се предвидува паркирање, а додека во ГП 4 согласно правилникот член 59 став 2 предвидено е по едно паркинг место на секои 70м2 од вкупната изградена површина од кои 3% треба да се предвидат за инвалиди согласно намената и на ГП 5 согласно правилникот и намената по едно паркинг место на секои 60м2 од вкупно изградената површина.

- **Нивелациско решение**

Самото нивелациско решение е диктирано со постојниот терен кој е релативно рамен во рамки на целиот плански опфат.

Сите елементи на сообраќајното и нивелманското решение ќе бидат конечно дадени во основните проекти за објектите.

Во проектниот опфат е опфатена сообраќајница од јавен интерес и тоа новопредвидената индустриска улица.

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ СО НАМЕНА НА ГРАДБИТЕ

Со проектниот концепт се планира обезбедување на простор со намена “Г2“ – лесна и незагадувачка индустрија, Б1 мали комерцијални и деловни намени и Б2 големи трговски единици и Е2 комунална супраструктура.

Во согласност со потребите и желбите на инвеститорот како и согласно законските прописи со Архитектонско урбанистичкиот проект се предвидува поделлба на постојната градежната парцела 1.1 согласно Изводот од ЛУПД на пет (5) нови градежни парцели.

Сите овие објекти кои се предвидени во градежните парцели треба да обезбедат непречен технолошки процес на работа, така што инвеститорот со понатамошна разработка на основни проекти ќе може да обезбеди нормално функционирање на сите комплекси.

Во продолжение низ табеларен преглед е дадена подетална анализа за планираната градба во рамките на градежната парцела, согласно добиениот Извод од ЛУПД ко Беровци Општина Прилеп.

2. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

2.1. Нумерички показатели

Плански опфат	**17,65 ха**
Градежна парцела	**1.1**
Група на класа на намена	Г – Производство дистрибуција и сервиси
Основна класа на намена	Г2- Лесна и незагадувачка индустрија
Поединечна намена	- Фабрика за преработка на гранит и мермер
Компатибни класи на намена со основната класа на намена	Б1, Б2, Б4, В2, Д2, Д3, Д4, Г3 И Г4 до 49% од основната намена
Површина на градежна парцела	144.827,47м^2
Утврден простор за градење на повеќе градби во рамките на градежната парцела	124.111,52м^2
Максимална површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор за градење	80.672,48м^2
Вкупно изградена површина на сите спратови	86.896,20м
Број на спратови во утврдениот простор за градење	со Архитектонско-урбанистички проект до махимална дозволена висина од 18,00м
Максимална височина на градбите до венец	18,00м
Процент на изграденост во однос на градежната парцела	55,00%
Коефициент на иискористеност во однос на градежната парцела	0.60
Паркирање	Во состав на ГП

Во продолжение низ табеларен преглед е дадена подетална анализа за планираните градби во рамките на градежните парцели, согласно изработениот АУП.

ПРЕГЛЕД НА ПОВРШИНИ И НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

ред.бр.на ГП по ЛУПД	ГП 1.1 по ЛУПД / површина	основна класа на намена по ЛУПД	компатибилни класи на намена на основна класа на намена во ЛУПД	ред.бр.на ГП по АУП	ГП во АУП / површина м^2	класа на намена	површина за градба м^2		вкупно изградена површина м^2	max. височина на градба: до завршен венец H=м^1	спратност на објекти	процент на изграденост %	коеф. на искорис.	потреен број на паркир. места	процент на озеленетост
Г.П 1.1	144 827.47	Г2	"Б1, Б2, Б4, В2, Д2,Д3 Д4,Г3 и Г4" max. до 49% од основната класа на намена				објект 1.	2 146.51	2 146.51	18.0	П	3.11 %	0.03	потребен бр. на паркирни места, ќе се утврди со проектна документација	
							објект 2.	4 857.30	4 857.30	18.0	П	7.04 %	0.07		
							објект 3.	5 666.12	5 666.12	18.0	П	8.21 %	0.08		
							објект 4.	97.50	97.50	18.0	П	0.14%	0.001		
							објект 5.	40.00	40.00	18.0	П	0.06 %	0.0005		
				Г.П 1	68 986.16	"Г2" лесна ин.		12 807.43	12 807.43			18.56 %	0.18		20.46 %
							објект 1.	375.00	375.00	4.5	П	1.64 %	0.016	потребен бр. на паркирни места, ќе се утврди со проектна документација	
							објект 2.	375.00	375.00	4.5	П	1.64 %	0.016		
							објект 3.	375.00	375.00	4.5	П	1.64 %	0.016		
				Г.П 2	22 907.05	"Г2" лесна ин.		1 125.00	1 125.00			4.92 %	0.048		28.48 %
				Г.П 3	44.75	"Е2" комунал. супраструкту.		17.50	17.50	3.0	П	39.10 %	0.39	/	/
				Г.П 4	38 117.39	"Б2" големи трговски един.		11 595.43	23 190.86	12.0	П+1	30.42 %	0.60	332	23.36 %
				Г.П 5	8 470.69	"Б1" мали ком. и дел. намени		360.00	360.00	4.5	П	4.25 %	0.054	13	35.99 %
вкупно:	144 827.47				138 526.04			25 905.36	37 500.79			18.70 %	0.27		23.52 %

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ					
бр.	име	нумерички податоци за ГП по ЛУПД		нумерички податоци за ГП по АУП	
1	површина на проектен опфат	176 500.00	м²	145 213.79	м²
2	површина на ГП	144 827.47	м²	138 526.04	м²
3	утврден пр. за гр./површина за градба	124 111.52	м²	25 905.36	м²
4	бруто развиена површина за градба по катови	80 672.48	м²	37 500.79	м²
5	процент на изграденост - Пи	55.00%		18.70%	
6	кофициент на искористеност - Ки	0.60		0.27	
7	број на градежни парцели	1		5	

Од споредбените анализи на нумерички показатели по Изводот од ЛУПД и од АУП се гледа дека сите параметри од АУП се во рамки на одобрената ЛУПД односно максималната површина за градење по АУП е помала од таа во ЛУПД, а од тука и вкупно изградената површина по катови согласно АУП е помала од таа во ЛУПД, со што се потврдува дека параметрите од ЛУПД се почитувани во целост.

- **ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ**

- градежна линија

Градежната линија е планска одредба која представува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради. Таа се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба.

постојат три вида на градежни линии и тоа:

1. градежна линија како ознака за просторна граница за градење.
2. помошна градежна линија како ознака за денивелација, пасажи или друга промена во рамките на површината за градење.
3. подземна градежна линија - со која се уредува површината за градење под кота на теренот, доколку таа не се совпаѓа со градежната линија која ја ограничува надземната изградба. Во конкретниов случај не се предвидува подземна градежна линија.

Градежната линија е повлечена мин 10,0м од границата на парцелата

- површина за градење

Површината за градење е планска одредба со која во урбанистичкиот план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите. Со ЛУПД е предвиден утврден простор за градење согласно правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, а со изработката на овој Архитектонско урбанистички проект се предвидуваат повеќе површини за градба во секоја парцела и истите се во рамките на утврдениот простор за градба согласно потребите на инвеситорот.

Вака предвидените максимални површини за градба на објектите (процентот на изграденост) и нивниот проектиран волумен (коефициентот на искористеност на земјиштето) се утврдени према пропишаните норми односно се во склоп со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. В. На Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18год.).

- опис на архитектонските елементи на објектите (еркери, тераси, влезни партии и стреи)

Во рамките на предвидените површини за градба во градежните парцели се планираат објекти со различна висина. Висината на објектите произлегува од намената и поединечно е дадена за секој објект во табеларниот приказ прикажан погоре.

Со оглед на големината на парцелите и растојанието кон соседите, за сите објекти се дозволени елементи на второ степена пластика (еркери, тераси и сл.). како и елементи на третостепена пластика - пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и сл. кои подетално ќе се разработат во основните проекти за објектите.

- **НАМЕНА НА ГРАДБИТЕ**

Градежната парцела ГП1 и ГП **2** се предвидени со намена "Г" производство, дистрибуција и сервиси односно "Г2" - лесна и незагадувачка индустрија. Во истите може да се сместат компатибилните класи на намени како што се: "Б1", "Б2", "Б4", "В2", "Д2", "Д3", "Д4", "Г3" и "Г4" .

Во ГП 3 е предвидена со намена "Е" инфраструктура односно "Е2" комунална супраструктура - трафостаница до 20кв.

Во ГП 4 е предвидена намена "Б" комерцијални и деловни намени односно "Б2" големи трговски единици. Во согласност со Изводот од ЛУПД на постојната ГП 1.1 може да се предвиди намена Б – комерцијални и деловни намени односно "Б2" големи трговски единици до 30% од вкупната површина на ГП 1.1,.

За градежната парцела ГП 5 која се добива со препарцелацијата исто така во согласност со Изводот од ЛУПД предвидена е намена "Б" - односно "Б1" мали комерцијални и деловни намени максимум до 30% од основната намена.

- **МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ГРАДБИТЕ - ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ**

Плански одредби за ограничување на височината за градбите се:

- висинска кота на тротоар или пристапна сообраќајница
- височина на приземна или нулта плоча
- максимален број на спратови
- максимална височина на кровна конструкција
- правила за градење над максималната височина на градба, односно кота на горен венец.

Максималната височина на градбата за рамен терен се изразува во метри должни, како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри. Горен или завршен венец на градбата е хоризонталната линија до која завршува вертикалниот фасаден ѕид од градбата поставен на градежна линија.

Во услови кога теренот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува од висинската кота на тротоарот во средината на страната на објектот долж падот на теренот. Максималната височина на површината за градење се одредува на онаа страна која е ориентирана кон страната на лицето на парцелата.

Максимална висина на објектите до кота на венец во ГП 1 е 18.0м.

Височината на слемето во однос на височината на венецот на објектите предвидена е да биде мах. 3.5м која е помала од максимално дозволените 4.5м, во

согласност со член 46 од правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Котата на првата подна (нулта) плоча согласно намената и согласно проектната програма на објектот е предвидена на + 0,35м во однос на котата на тротоарот.

Во ГП 2 максималната висина на објектите до кота на венец е до 4,5м, во ГП 3 максималната височина до кота на венец е 3,0м.

Во ГП 4 со оглед на намената максималната висина до кота на венец е 12,0м а додека во ГП 5 максималната висина до кота на венец е 4,5м.

- **ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ И КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ЗАМЈИШТЕТО**

- процент на изграденост

Процентот на изграденост на земјиштето е урбанистичка величина која ја покажува густината за изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градбата и истиот се изразува во проценти.

Површината за градба се рачуна како површина ограничена со надворешни ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча, без надворешни тераси, скали, рампи, патеки и др.

Површината под планирани објекти предвидени со АУП - то во секоја градежна парцела е пресметана и дадена во табела каде Пи е процент на изграденост и истиот е доста помал од максимално дозволени 70%.

- Коефициентот на искористување на земјиштето

Коефициентот на искористување на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште. Коефициентот на искористеност се утврдува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на сите изградени надземни спратови и површината на парцелата. И коефициентот на искористеност е пресметан за секоја градежна парцела посебно и е прикажан во соодветната табела.

- **СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ**

Сообраќајната инфраструктура е значаен фактор во еден планиран простор и има витално значење во остварувањето на животните функции на истиот. Една од најважните основи на модерното урбанистичко планирање е концепцијата на уличната мрежа да биде прегледна и јасна и да овозможи безбедно и непрекинато одвивање на сообраќајот и сите учесници рамноправно да ги третира.

- Опис и образложенија на сообраќајна мрежа:

Во рамките на проектниот опфат предвидена е индустриска улица со краен профил од 10,0м (1,5+7,0+1,5м) така што сите новопредвидени градежни парцели имаат пристап од индустриската улица. Исто така предвидено е високо и средно зеленило – дрворед како бариера помеѓу објектите со намена Г2 и останатите парцели со различна намена . Внатре во градежните парцели предвидени се внатрешни комуникации за брз и безбеден пристап до сите објекти.

- Организација на внатрешен сообраќај:

Внатрешниот сообраќај е регулиран преку организирање на внатрешни комуникации - сообраќајници.

Обезбедени се контролирани влеза-излеза во сите градежни парцели, со радиус на вртење од 6м, 8м и 12м. Внатре во градежните парцели се обезбедени обиколни сообраќајници, како и паркиралишта за лесни возила, моторцикли и велосипеди.

Движењето на возила во градежните парцели каде се предвидени комплексите е со ограничена брзина од 20км/час. при што обезбедено е непречено внатрешно движење на возилата до сите објекти, што се гледа од графичкиот прилог. Внатрешните комуникации се планирани со пропишана ширина и се со обезбедени радиуси на свртување.

Исто така решен е и статичкиот сообраќај, преку посебни паркинзи за тешките и лесните возила внатре во рамките на парцелите.

Дел од предвидените паркирни места се за посетители од надвор, а додека останатите паркирни места се за запослените. Должините и ширината на внатрешните комуникации, се во согласност со режимот и брзината на движење. Радиусуите на вртење во рамките на комплексите се во согласност со предвидениот член 74 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. В. На Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18год.)

- Стационарен сообраќај:

Стационарниот сообраќај ги анализира просторите за паркирање и гаражирање во рамките на парцелата.

Паркинг место е правоаголна површина за стационирање на возило во мирување со димензи, простор за пристап, маневрирање и пристапна сообраќајница или рампа кои соодвејствуваат со димензиите на визилото.

Во ГП 1 и ГП 2 потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуват од нејзината намена.

Во ГП 3 согласно намената не се предвидува паркирање, а додека во ГП 4 согласно правилникот член 59 став 2 предвидено е на едно паркинг место на секои 70м2 од вкупната изградена површина и на ГП 5 согласно правилникот и намената по едно паркинг место на секои 60м2 од вкупно изградената површина.

- **ПАРТЕРНО РЕШЕНИЕ:**

Во рамките на парцелите предвидено е содветно партерно решение, кое одговара на ваков вид на комплекси.

Теренот за изградба на комплексите е со благ пад за што е предвидено нивелирање на истиот, а во граници на локацијата. Со проектот се планира да се засадат садници по периферија на градежните парцели, додека ниско зеленило да се предвиде околу објектите.

Со Проектот комплетно се опфатени интерните сообраќајници, тротоари, бетонските острова, како и оградата околу парцелата.

Внатрешните комуникации се предвидени од асвалт, ивичњаците се предвидени а од павер елементи, со заоблен горен раб а во делот на налегнување, залиени во бетон.

- **НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ**

Согласно добиените податоци од ажурираната геодетска подлога, парцелите сместени во рамки на проектниот опфат на разработка се со благ пад кон север. Највисоката апсолутна кота на јужната страна е на околу 637,58.00м, а најниската на север на висина од околу 635,91м. Со вака поставени нивелети на парцелата, максимално се прилагодува планираниот терен во однос на постојната состојба, а со цел да се обезбеди нивелета на внатрешни комуникации која ќе биде со согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. В. На Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18год.). Исто така и попречните падови на внатрешните сообраќајници ќе бидат поставени да бидат во согласност со горенаведениот правилник. Сите други елементи на нивелманското решение ќе бидат опфатени со Основните проекти за сообраќајот во рамките на стопанските комплекси.

Планираната сообраќајна мрежа која е прилагодена на условите на теренот, со минимален подолжен наклон од 1,0% овозможува нормален и безбеден приклучок од парцелата.

- **ОЗЕЛЕНУВАЊЕ**

Во сите градежни парцели се предвидени ниски и високи зимзелени растенија, како и дрворед - високо заштитно зеленило, додека напред пред објектите е предвиден простор за хортикултурно уредување со засадување на ниски украсни зимзелени растенија.

Процентот на озеленетост во градежните парцели е поголем од 10%.

- **КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО**

Со добиените податоци од Министерството за култура – Управа за заштита на културно наследство заведени под бр. 17-3900/2 од 19 12 2018год., потврдено е дека на подрачјето на опфатот нема заштитни добра ниту добра за кои основано се предпоставува дека представуваат културно наследство.

Доколку при земјаните работи дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16), по кој изведувачот на работите е должен:

1. Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на овој закон;
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако предметите се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита или со оглед на околностите, изведувачот на работите е должен:

1. Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификација во смисла на членот 66 на овој закон, а до предавањето да превземе мерки кои се нужни за да не пропаднат и не се оштетат или да се отуѓат и
2. Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

- **ОСНОВНИ ВИДОВИ НА ИНФРАСТРУКТУРА:**

- водовод

Во рамките на опфатот согласно добиените податоци од ЈКП "Водовод и канализации" заведени под бр. 03-12/238-1 од 13 12 2018год. нема подземни инсталации во нивна надлежност

Во сите градежни парцели снабдувањето со технолошка и против пожарна вода е предвидено од бунари, додека вода за пиење во предвидените градби ќе се обезбеди со апарати за вода.

За пожарната заштита на градбите во ГП ќе се користи планираната надземна хидрантска мрежа.

- атмосверска канализација

Севкупната атмосферска вода од крововите површини, платоата, паркинзите и пристапните улици во градежните парцели ќе биди прифатена преку сливници, попречни решетки и дворни риголи во повеќе ограноци на атмосферска канализациона

мрежа која е предвидена од пластични канализациони цевки и ќе биди одведена кон реципиентот.

- фекална канализација

Целокупната количина на фекални отпадни води од сите санитарни чворови во сите градби, ќе биде прифатена во систем од фекална канализацина мрежа за градежните парцели, која ќе се собере во еден одводен канал, кој преку ревизиони шахто ќе се поврзе со планираната фекална каналчизација и ќе се одведе до водонепропусни септички јами за ГП 2 и ГП5. За овие градежни парцели треба да се склучи договор со ЈКП Водовод и Канализација прилеп, за периодично црпење и одвезување на фекалиите од јамите.

За ГП 1 и ГП 4 се предвидени комбинирани пречистителни станици кои ќе ја преработуваат фекалната и технолошката канализација, а преработените отпадни води, до степен на класа како атмосферска вода, треба да се насочат во непосредната околина и испуштат во речното корито на р. Штавичка, која е на самата граница на северо источната страна од предметниот опфат.

Отпадните води за ГП 4 откако ќе се пречистат, ќе се насочат во отворена канафка со закосени страни, ќе се завртат кон југозападната страна и покрај ГП 5, а понатаму и покрај ГП 1, а паралелно покрај опфатот ќе се насочат кон речното корито на р. Штавичка. Оваа канафка треба да ги собере и атмосферските води кои ќе се насоберат непосредно покрај Магистралниот патен правец Прилеп – Битола, бидеќи истиот е за окоу 1.5м на повисока апсолутна кота.

Целокупната канализациона мрежа низ градежните парцели треба да биде од ПВЦ канализациони цефки со осодветен профил, према условите на самите локации, а на секој прелом ќе се постават ревизиони шахти со ф800 или ф100. Со понатамошна разработка на Основни проекти ќер се додефинираат точните должини, профили и материјали за изведување на канализационата мрежа.

- електронска комуникациска инфраструктура и опрема

Во непосредна близина во рамките на опфатот согласно добиените податоци од Македонски телеком заведени од бр. 04-869479/1 од 20 12 2018 год. има постојни тк инсталации.

До сите градежни парцели предвиден е приклучок на електронска комуникациска инфраструктура. Во секоја градежна парцела предвидено е да се обезбедат приклучоци до објектите согласно потребите.

- електика

Согласно добиените податоци од ЕВН во рамките на опфатот има евидентирано постојна електрична мрежна инсталација, односно поминува среднонапонски надземен вод 10KV кабел, потоа среднонапонски кабелски вод и трафостаница.

До сите објекти во сите градежни парцели предвидени се нисконапонски подземни водови.

Снабдувањето со електрична енергија ќе биде изведено од мерно разводни ормари - МРО поставен според стандардите на ЕВН Македонија - КЕЦ Прилеп.

6.ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

- мерки за заштита на животната средина

Со Законот за заштита на животната средина Сл.в. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 19/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) се уредени правата и должностите на Р. Македонија, во општините, како и правата и

должностите на правните и физичките лица, во обезбедување услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

Да се преземат мерки и активности за контрола на бучавата и вабрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата врз здравјето на населението во непосредната околина и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

Да се преземат мерки за минимизирање на емисијата на прашината.

Согласно член 7 од Законот за управување со отпад (Сл.Весник на РМ бр.51/11, 123/12 и 147/13) создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Задолжително депонирање на евентуално создадениот отпад во постојна депонија. Потребно е да се потенцира дека создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканото нарушување во животната средина.

Заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејсажите во просторот во насока на зачувување на амбиенталните, естетските ии рекреативните потенцијали на просторот.

Сепак најважен приоритет и мерка е да проработи совеста на секој поединец и жител за сочувување и подобрување на животната средина, од која директно зависи неговото здравје и квалитет на живеење.

- **Мерки за заштита и спасување**

Согласно член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл.в.на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10,18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) се наметнува задолжителна примена на мерките за заштита и спасување.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

-Изградба на објекти отпорни на сеизмички влијанија;

-Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;

-Обезбедување на противпожарни пречки;

-Изградба на потребна инфраструктура

Предложениот простор се наоѓа во зона изложена на потреси од VII^0 по Меркалиева скала што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

За спроведување на мерките за заштита и спасување, потребно е да се почитува постојната законска регулатива, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.в.на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10,18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16.

- **Мерки за заштита од пожар**

Заштитата и спасувањето од пожари опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасувањето од пожари се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивните мерки за заштита и спасување од пожари се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичко планирање и со примена на техничките нормативи при проектирањето и изградбата на објектите.

Широчината, носивоста и проточноста на патиштата да овозмои пристап на противпожарните возила до секој објект и нивно интервенирање за време на гасење на пожарите.

Извори за снабдување со вода, капацитет на водоводна мрежа, водоводните објекти (црпна станица, резервоари, бунари, ПП хидрантска мрежа и сл.) што би обезбедувале доволно количество вода за гасење пожари.

Од аспект на мерки за заштита од пожар може да се каже дека објектите што ќе се градат во рамки на проектниот опфат се предвидени од тврда градба, со огноотпорни материјали, односно нивните конструктивни системи (столбови, носачи, меѓукатни конструкции) ќе бидат изведени од армиран бетон и челик со висок степен на отпорност од (V I VI степен).

Објектите се планираат на соодветно растојание едни од други, а како дополнителна заштитна зона представува коридорот на внатрешни сообраќајници.

По однос на пожарното оптоварување објектите треба да имаат ниско пожарно оптоварување кое е помало од 1GJ/м^2.

За соодветна заштита во рамките на опфатот односно парцелите ќе бидат предвдена прстенеста противпожарна хидрантска мрежа, со поставување на доволен број на надворешни надземни хидранти кои ќе бидат поставени на меѓусебно растојание од 80м, а оддалечени од објектите мин. 5,0м. кои ќе ги задоволуваат потребите од против пожарна вода. Доколку неможе да се постигне минималниот притисок од 2,5бари, за период мин. 2часа потребно е да се предвидат резервоари за против пожарна вода, како и уреди за постигнување на притисок – хидрофори. Исто така потребно е да се обезбеди и резервен извор на енергија – дизел агрегат кој ќе може да го стартува и да го напојува хидрофорот во случај на избивање на електричната енергија.

Во рамките на објектите а во согласност со потребните анализи и пресметки ќе се предвидат доволен број на ПП апарати, поставени на sид на 1,5м од подот како и сите неопходни мерки за заштита од пожари.

Во графичкиот прилог на ситуационото решение за инфраструктура, прикажана е диспозиција на објектите, влезовите во објектите, хидрантската мрежа како и пристапот на ПП возилата.

Пристигнувањето на ПП возилата може да се очекува за околу 8-10мин. со оглед дека противпожарниот центар е на растојание од околу 8,0км.

Потребно е редовно да се врши преглед на исправноста на апаратите, сервисирање и полнење како и контролно испитување на истите.

Утврдувањето на потребните мерки за заштита од пожар е во согласност со Законот за пожарникарство Сл. в. на Р.М. бр. 67/2004, 81/07 и 55/13 год.

- Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. в. на Р.М. бр. 26/2018год).

- Правилникот за поблиско определување на изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за утврдување на критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати, кои се однесуваат на техничкцата опрема и просторот за работа (Сл. в. на Р.М. бр. 26/2018год).

- Непречен пристап и движење до и во градбата

Согласно Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби во градежните парцели запазени се начинот и обезбедување на пристапот на инвалидизираните лица

За одстранување и спречување на архитектонските бариери за инвалидизирани лица потребно е по ширината на пешачкките премини помеѓу коловозите како и помеѓу тротоарите и коловозите да нема рабови односно да се предвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу коловозите и тротоарите.

- заштита на културно историско наследство

Со добиените податоци од Министерството за култура – Управа за заштита на културно наследство заведени под бр. 17-3900/2 од 19 12 2018год., потврдено е дека на подрачјето на опфатот нема заштитни добра ниту добра за кои основано се предпоставува дека представуваат културно наследство.

Доколку при земјените работи дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство.

7. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА

- ГП 1:

- ВИД НА ГРАДБА: Стопански комплекс за преработка и финализација на украсен камен
- НАМЕНА: - “Г“ производство, дистрибуција и сервиси односно “Г2“ - лесна и незагадувачка индустрија. Во истата може да се сместат компатибилните класи на намени како што се: “Б1“, “Б2“, “Б4“, “В2“, “Д2“, “Д3“, “Д4“, “Г3“ и “Г4“ .
- ДОЗВОЛЕНА ВИСИНА: Максимална висина на градбите до 18м.
- СПРАТНОСТ: П, П+3.
- МАКСИМАЛНА ДОЗВОЛЕНА ВИСИНА: + мах. 4.5m во однос на кота на венец на објектот. За градби за кои ќе се примени кос кров како завршеток максималниот нагиб на кровот не треба да поминува 350
- РЕЖИМ НА ГРАДЕЊЕ НАД КОТА НА ВЕНЕЦ: Над кота на горен венец (кота на слеме) може да излегуваат само инсталациони или лифтовски окна.
- КОТА НА НУЛТА ПЛОЧА: Кота на нулта плоча во однос на кота на тротоарот ќе се утврди со изработка на основните проекти за градбите но не повеќе од 1,20м во однос на тротоарот пред објектот за админстративниот објект (управната зграда), а за производните погони кота на нулта плоча е до + 0.16м над пристапниот тротоар.
- ВНАТРЕШЕН СООБРАЌАЈ: не се планира динамичен сообраќај во парцелата, дозволен е само статичен сообраќај сообраќај (паркирање во рамките на дворното место)

- ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ: Во согласност со Изводот од план во рамките на парцелата со АУП - то се предвидени повеќе површините за градење и тоа:

- Погон за преработка и финализација на украсен камен (објект 1, 2 и 3)
- Пречистителна станица
- Работен простор

Местоположбата на новиот погон е во југоисточниот дел од парцелата, со катност од П и висина до венец од 18м.

Наспроти постоечката управната зграда, на југоисточниот дел од парцелата исто така е предвиден нов погон за преработка и финализација на украсен камен со катност П и висина до венец од 18м.

На источната страна од постојниот погон да се предвиди пречистителната станица, со висина до венец од 18м.

Исто така да се предвиди помал работен простор како лепенка до постојниот стар погон со висина до 18 м.

За објектите во парцелата се дозволени пречекорувања – второстепена пластика согласно член 38 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. В. На Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18год.)

- КОЛСКИ ПРИСТАП ДО ПАРЦЕЛАТА: Пристапот на моторни возила обезбеден е од секундарна улица односно од индустриска улица и тоа обезбедени се два пристапи од југозападната страна на парцелата.

- РЕЖИМ НА ГРАДЕЊЕ ПОД ЗЕМЈА: Ќе биде во рамките на површината за градба, но не се планира градење под земја.

- ПАРКИРАЊЕ И ГАРАЖИРАЊЕ: Паркирањето ќе биде обезбедено во рамките на дворното место, а пристапот до паркирните места е од индустриската улица.

- ПРИКЛУЧОК НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА: снабдувањето со технолошка и против пожарна вода е предвидено од бунари, додека вода за пиење во предвидените градби ќе се обезбеди со апарати за вода.

За пожарна заштита во градежната парцела ќе се користи постоечката и планираната надземна хидрантска мрежа.

- атмосверска канализација

